Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ -

Архивски број: 04 - 33/8
Датум: 05. 02. 2024

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, бр.44/02, бр.82/08, бр.167/10 и бр.51/11 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19 и 110/19) и врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр.167/2015 и 134/2016) и според член 11 од Правилникот за систематизација на работни места на Агенцијата за остварување на правата на заедниците бр.04-70/3 од 08.04.2022 година, а во врска со објавениот јавен оглас за вработување на Хигиеничарка – (1 извршител) бр.04-33/01 од 26.01.2024 година и Предлогот од Комисијата за селекција на кандидати по јавен оглас бр.04-33/7 од 02.02.2024 2024 година, Дирекоторт на Агенцијата за остварување на правата на заедниците донесе:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на Хигиеничарка

1. За пополнување на работното место Хигиеничарка во Агенцијата за остварување на правата на заедниците, се избира кандидатот -
   - **Ѓулатма Кадри,**
2. Именуваниот ќе се вработи на работното место од точка 1 на оваа Одлука по нејзината конечност врз основа на Договор за вработување на неопределено време,
3. Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добиената писмена согласност од Министерството за финансии бр.19-717/2 од 24.01.2024 година за пополнување на работното место Хигиеничарка во Агенцијата за остварување на правата на заедниците и објавениот јавен оглас за вработување на Хигиеничарка – (1 извршител), објавен на ден 26.01.2024 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм", на web страната на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, заведен и во електронскиот систем на Агенцијата за вработување на РСМ на ден 26.01.2024 година, Комисијата за селекција на кандидати по јавен оглас формирана со Одлука од Директорот на Агенцијата бр.04-33/5 од 29.01.2024 година, во Записникот бр.04-33/6 од 02.02.2024 година, утврди дека на јавниот оглас за вработување на Хигиеничарка конкурирал само еден кандидат, кој воедно ги исполнува општите и посебните услови предвидени во огласот. Комисијата преку прибирање на докази, одговори и ставови од страна на кандидатот, како и ценејќи го искуството во врска со работата и работните задачи на работното место, на Директорот предложи кандидатот **Ѓулатма Кадри** да биде избран за пополнување на наведеното работно место.

Директорот по претходно спроведената постапка, по Предлогот од Комисијата и ценејќи дека именуваниот успешно ќе ги извршува работите и работните задачи на работното место за кое се избира, донесе Одлука како во диспозитивот.

Правна поука: *Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на Одлуката преку Агенцијата за остварување на правата на заедниците.*

ДИРЕКТОР
Еран Куртиш